Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 14.02.2019

На 13.02.2019 година околу 17 часот на автопатот Скопје – Тетово, кај село Ласкарци, скопско, автобус сопственост на „Дурмо турс"со гостиварски регистарски ознаки, управуван од М.Т.(49) од Гостивар излетал од патот, се превртел и паднал на регионалниот пат Скопје - Тетово. Од здобиените повреди починале 14 патници, а 39 се повредени и хоспитализирани во Градската општа болница „8-ми Септември", комплекс клиники „Мајка Тереза" и Медицински центар Тетово. Увидот од страна на Јавен обвинител и СВР Скопје е во тек.

На 13.02.2019 година во 08.15 часот на Граничен премин „Долно Блаце", поради непријавен престој биле приведени В.Х.(25) и Е.А.(32), двајцата од Република Албанија. Во 11.30 часот лицата биле предадени на полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Север за понатамошна постапка.

На 12.02.2019 година во 22.30 часот во Полициската станица Гевгелија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични средства, пихотропни супстанци и прекурсори", од слобода бил лишен Т.Ј.(20) од село Негорци, гевгелиско. При претрес во неговото возило полициски службеници пронашле хероин и неколку предмети со отатоци на хероин. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.02.2019 година во 13.00 часот во Полициската станица Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супастанци и прекурсори", од слобода бил лишен М.Н.(27) од село Добрејци, струмичко. При претрес во неговиот дом и простории, извршен со судска наредба, полициски службеници пронашле марихуана и 26 стебла од растението „Канабис ". По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.02.2019 година, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот на С.Н.(28) од село Добрејци, струмичко. При претресот биле пронајдена и одземена марихуана. Лицето било лишено од слобода, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.02.2019 година во 10.40 часот во Полициската станица Аеродром, С.С.(52) пријавил дека истиот ден околу 07.40 часот на булевар „Јане Сандански" бил каснат од куче-скитник во пределот на левата нога.

Во текот на изминатот ден (13.02.2019 година) од преземените мерки и активности констатирано е дека 14 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 18 возачи од кои: седум возачи затоа што управувале возило под дејство на алкохол, седум возачи управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и четири возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така исклучени од сообраќај се и 14 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се осум возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, еден возач поради недавање првенство на минување на пешаци, шест поради неправилно престројување, двајца поради неправилно престигнување, седум поради непоседување пропишана зимска опрема, пет поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 11 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се 11 пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатите денови

издадени се 99 мандатни платни налози и 92 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кратово поднесе кривична пријава против Ј.Д.(57) од Кратово за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Во периодот од 14.01.2013 до 20.11.2017 пријавениот, како директор на основното училиште „Кочо Рацин" Кратово, спротивно на Законото за јавни набавки, односно без јавен оглас и спроведена тендерска постапка, набавувал производи од повеќе фирми од Пробиштип, Кратово, Куманово и Скопје, со што истите се стекнале со противправна имотна корист од 1.034.885 денари на штета на буџетот на Република Северна Македонија.

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за недозволена трговија – Одделение за недозволена трговија со оружје и експлозивни материи, поднесе кривична пријава до надлежното Основно јавно обвинителство – Скопје против лицето М.Ц.(36), поради постоење на основи на сомнение дека сторил кривичното дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" предвидено и казниво по член 396 од Кривичниот законик на РМ. Имено, на 28-и минатиот месец на улица "2ра Македонска Бригада" е сопрено возило управувано од пријавениот и при преглед кај истиот се пронајдени куршуми.

Полициска станица Демир Хисар поднесе кривична пријава против И.Т.(23) од Демир Хисар за сторено кривично дело "тешка телесна повреда" и против Н.П.(23) од село Слепче, Демир Хисар, Д.Ј.(40) од село Вардино, Демир Хисар и З.М.(38) од Битола за сторено кривично дело „учество во тепачка". На 07-и минатиот месец во Демир Хисар пред кафе бар на улица „Битолска", настанала тепачка помеѓу прво и второпријавениот, од една страна и трето и четвртопријавениот, од друга страна, при што првопријавениот, со нож, му нанел тешка телесна повреда на лице од Битола.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.Џ.(40) од село Долна Бањица, гостиварско за сторени кривични дела ,,пустошење на шума" и ,,кражба". Во текот на октомври 2018 година во атар на село Церово, од парцели сопственост на Р.Македонија, пријавениот извршил бесправна сеча на дабови дрва, со што предизвикал материјална штета од околу 70,000 денари на Буџетот на ЈП "Македонски шуми".

На 14.02.2019 година во 02,10 часот З.Т.(56) од Скопје пријавил дека на 13.02.2019 година околу 23,30 часот во фирма на улица "Перо Наков" во Скопје по претходна расправија физички бил нападнат од негов колега М.Н.. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 13.02.2019 година во 23,35 часот во Скопје во подземните гаражи на улица „Анкарска", М.Т.(25) од Скопје физички нападнал полициски службеник при преземање на службени дејства. М.Т. бил приведен и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.02.2019 година околу 08,00 часот во пекара во село Кадино, скопско по претходна вербална расправија околу плаќање на сметка со Ж.Ф.(47) од село Кадино, А.Т.(31) од село Марино, скопско излегол од објектот, по што со остар предмет го скршил стаклото од излогот. По преземени мерки, А.Т. бил приведен во Полициско одделение Петровец. Се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

На 13.02.2019 година во 17.45 часот на железничката пруга помеѓу Сарај и Кондово, бил каменуван патнички воз кој сообраќал на релација Скопје – Кичево, при што е скршено едно прозорско стакло, а повредени лица нема.

На 13.02.2019 година во 21,00 часот во Скопје во продавница на улица „Струмичка" две непознати лица, со закана извршиле разбојништво и ги одзеле парите од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)